# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИЦИ ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО - НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) УПРАВУВАЊЕ (МЕНАЏМЕНТ) СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ НА БАС ИНСТИТУТОТ ЗА МЕНАЏМЕНТ БИТОЛА

Врз основа на конкурсот на БАС Институтот за менаџмент Битола, објавен во весниците Нова Накедонија и Лајм од 14.06.2017 година, за избор на наставник во сите научни и наставно-научни звања за групи предмети од полето Организациони науки и управување (менаџмент), во наставно-научната област (дисциплина) 50622 Управување (менаџмент) со човечки ресурси и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-20/5, донесена на 03.07.2017 год., формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Цветко Смилевски, редовен професор во пензија, д-р Бедри Адеми, вонреден професор на БАС Институт за менаџмент Битола, д-р Добри Петровски редовен професор на Педагошки Факултет Битола.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања за групи предмети од полето Организациони науки и управување (менаџмент), во научната област (дисциплина) Управување (менаџмент) со човечки ресурси, во предвидениот рок се пријави/-ја д-р Даниела Карадаков и д-р Кристина Крстеска.

### Д-р Даниела Карадаков

1. **БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот д-р Даниела Карадаков е родена на 09.02.1984 година во Велес. Средното образование го завршува во ЕМУЦ „Коле Неделковски" во Велес на првата ФАРЕ генерација по бизнис и менаџмент (само во прва година, пилот проектот се прекина), каде заврши како електротехничар-електроничар. Со високо образование се стекнала на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во 2002 година каде остварила успех 9.28.

Во 2009 година кандидатката успешно ги завршува студиите на втор циклус на студии со остварен просек 9.42 и успешно одбранила магистерскиот труд на тема: *„Менаџирање на човечките ресурси во основното образование (комуникациски ситуации и модели)"* под менторство на проф. д-р Зоран Велковски.

Дисертацијата на тема: *„Организациското учење и организацискиот развој"* ја одбранила во 2017 година, на Филозофскиот факултет – Институт за педагогија – Менаџмент во образование, Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Скопје, пред Комисија во состав: проф. д-р Зоран Велковски – ментор, проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска, проф. д-р Вера Стојановска, доц. д-р Елена Ризова и проф. д-р Анета Баракоска. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик, а исто така има познавање и на српскиот и хрватскиот јазик.

Кандидатот моментално работи како Директор (втор мандат) и виш предавач во наставната област Менаџмент на човечки ресурси на Бизнис академија Смилевски – БАС во Скопје. За своите остварувања кандидатот има добиено Признание за оживотворувањето на мисијата на БАС во 2015 година од страна на Основачите на Бизнис академија Смилевски – БАС.

Кандидатот исто така работи и како обучувач и консултант во оваа област во ДЕТРА Центар, Скопје.

Кандидатот беше член на Македонската асоцијација за човечки ресурси во 2016 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Во рамките на наставно-образовната дејност кандидатот своите почетоци ги бележи од 2009 година работејќи како асистент во наставната област Деловно комуницирање и однесување на Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје. Во 2010 година се стекнува со наставното звање предавач во наставната област Деловно секретарство, а во 2014 година напредува во звањето Виш предавач. Од 2015 година е избрана за Виш предавач во наставната област Менаџмент на човечки ресурси на Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје. Од студиската 2010/2011 година па наваму, редовно изведува настава (интегрирана настава – предавања и вежби) на Бизнис академија Смилевски – БАС и тоа студиската програма на прв циклус на студии – Оперативен менаџмент (по наставните предмети: Менаџмент на човечки ресурси, Личен менаџмент, Организациско комуницирање, Интерперсонални деловни вештини, Канцелариски менаџмент, Деловен протокол, Организирање на настани и менаџмент на задачи, Надзорнички менаџмент и други) и на студиската програма на втор циклус на студии – Стратегиски менаџмент (по предметите Стратегиски менаџмент на човечки ресурси и Организациско учење). Кандидатот исто така реализира и менторска настава.

Во рамките на наставно-образовната дејност, кандидатот бележи и обучувачко искуство кое успешно го реализира како раководител на бројни обучувачки работилници (вкупно 16 успешно одржани и раководени обучувачки работилници).

Кандидатот исто така бележи и активно учество на бројни обуки и работилници од областа и пошироко.

Кандидатот бил ментор на 7 (седум) специјалистички трудови, од кои 5 се веќе успешно одбранети, 3 се во завршна процедура на менторирање.

Кандидатот учествувал како член во Комисија за оцена/или одбрана на 81 дипломски, 6 специјалистички трудови, како член и како претседател на комисија.

Кандидатот е автор на 6 интерни скрипти од предавања, компендиуми и авторизирани предавања: Менаџмент на човечки ресурси, Интерперсонални деловни вештини, Личен менаџмент, Канцелариски менаџмент, Деловен протокол и Организирање на настани и менаџмент на задачи, за кои има изготвено и пакет материјали.

Кандидатот бил рецезент на два учебника во издание на Бизнис академија Смилевски – БАС, Организациско комуницирање и Надзорнички менаџмент.

*Конкретните активности се опишани во Анекс 1, кој се доставува во прилог на овој Реферат.*

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Даниела Карадаков има објавено вкупно 27 трудови од кои 20 научни трудови од областа на менаџментот на човечки ресурси и менаџментот на образование, од кои 1 научен труд во научно списание со импакт-фактор (фактор на влијание) за кој кандидатот има доставено потврда за прифаќање на трудот и потврда за висината на факторот, 19 научни трудови во зборници од научни собири, 7 стручни трудови објавени во зборници од стручни собири.

Д-р Даниела Карадаков била учесник, а кратко и раководител на 1 национален проект – Рангирање на високообразовните установи во Република Македонија. Кандидатот исто така бил учесник и во МЕГА проектот: Менаџментот и конкурентноста на компаниите.

Во однос на научно-истражувачката дејност, кандидатот има одржано 12 секциски предавања на научни и стручни собири со меѓународно учество и 4 секциски предавања на домашни научни и стручни собири.

Кандидатот има објавено вкупно 27 апстракти во зборници на конференција, од кои 21 на меѓународна конференција, 6 на национална конференција.

*Конкретните активности се опишани во Анекс 1, кој се доставува во на овој Реферат.*

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Даниела Карадаков во однос на стручно-апликативната дејност ги има преземено следниве активности.

Кандидатката од 2010 година е задолжена за обезбедување и одржување на квалитетот на наставата како Менаџер за квалитет на Бизнис академија Смилевски – БАС.

Таа е автор на две поглавја во книгата „Македонски успешни приказни во бизнисот" издадена од страна на Бизнис академија Смилевски – БАС.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој во Германија каде врши студиска посета на Народни универзитети во Германија во областа Менаџмент на образование за возрасни во рамките на DVV International, јуни 2013 година, како и учество на Летната школа „ Entrepreneurial Education & Training in CEI Countries for the 21st Century – Запрешич, Хрватска, април 2014 година.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес.

Кандидатот бил член на програмски одбор на меѓународен научен собир на Меѓународната научна конференција „Медиуми и современа економија" – Бања Лука, член на програмскиот одбор на стручен собир на Петтиот симпозиум „Современите трендови во работењето" – БАС и БАС ИМ, Скопје.

Кандидатот д-р Даниела Карадаков е вклучена во работата на бројни комисии и тоа:

- Комисија за трансфер на ЕКТС од други високообразовни установи – 2 мандата.
- Комисија за запишување на студенти во студиската 2011/2012 година;
- Дисциплинска комисија;
- Рецензентска комисија за избор во наставно/насловно звање (во 6 комисии);

- Претседател на комисии за изработка на подзаконски акти:
  - Правилник од прв циклус на студии на БАС;
  - Правилник од втор циклус на студии на БАС;
  - Правилник за теренска студентска практика на БАС;
  - Правилник за начинот на вршење на менторската работа на БАС;
  - Статут на БАС;
  - Правилник за издавање на дипломи, стручниот назив и други документи за завршени студии на високо образование на БАС;
  - Правилник за критериумите и постапката за избор во наставни и соработнички звања на БАС;
- Член на комисии за изработка на подзаконски акти:
  - Правилник за студирање на далечина на БАС;
  - Правилник за пријавување, реакција и санирање на инциденти во ПСВУВСШ БАС;
  - Правилник за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање, чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци;
  - Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;
  - Правилник за начинот на уништување на документите, како и начинот на уништување, бришење и чистење на медиумот во ПСВУВСШ БАС;

Добитник е на над 20 Сертификати за учество на конференции, симпозиуми, обуки, работилници и курсеви во областа и пошироко.

*Конкретните активности се опишани во Анекс 1, кој се доставува во прилог на овој Реферат.*

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатот д-р Даниела Карадаков за својата досегашна изведба на наставата и нејзиниот квалитет, секогаш добивала позитивна оценка од страна на студентите кои ја следеле нејзината настава по предметите кои таа ги предава на Бизнис академија Смилевски – БАС. За тоа сведочат сите позитивни евалвации дадени во склоп на апликацијата од кои се гледа дека кандидатот остварува максимални резултати скоро по секоја компонента која е предмет на оценување.

**Д-р Кристина Крстеска**

1. **БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот д-р Кристина Крстеска е роден на 19.12.1977, во Скопје. Средно образование завршил во Прилеп, во Гимназијата Мирче Ацев во 1995. Со високо образование се стекнал на Природно Математичкиот факултет, во 2002 година.

Кандидатот активно се служи со англиски, српски, хрватски и бугарски јазик. Има познавања оф Руски и Словенски јазик и основни познавања од Турски јазик

Во 21.12.2006 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Развивање на стратегии за професионален развој на човечките ресурси во претпријатијата во Република Македонија во функција на успешно работење.*

Дисертацијата на тема: *Развивање стимулативен систем за вработените во зависност од природата на работата* ја одбранил на 15.06.2011 година, пред Комисија во состав: Лазар Стојановски-ментор, Маргарита Јанеска, Марика Башеска-Ѓорѓиеска, Димитар Николоски, Виолета Лашкоска. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки.

На 20.12.2012 година е избран во звањето Доцент на БАС ИМ во областа Менаџмент на човечки ресурси. Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. **НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА**

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Во рамките на наставно-образовната дејност, кандидатот Кристина Крстеска континуирано изведува настава, вежби консултации на прв и втор циклус циклус студии на студиската програма за Оперативен менаџмент и на Стратегиски менаџмент.

Кандидатот бил ментор на 3 специјалистички трудови.

Кандидатот учествувал како член во Комисија за оцена/или одбрана на 2 специјалистички трудови.

*Конкретните активности се опишани во Анекс 1, кој се доставува во прилог со овој Правилник.*

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

Д-р Кристина Крстеска има објавено вкупно 10 научни трудови од соодветната област, од кои 2 трудови, во меѓународни научни списанија, 6 трудови во меѓународни научни публикации и 2 трудови во зборници од научни/стручни собири.

Д-р Кристина Крстеска била предвидена за раководител на 2 меѓународни апликации за научни проекти преку ЕРАЗМУС. Учествувала како член во еден научни проект при БАС ИМ.

*Конкретните активности се опишани во Анекс 1, кој се доставува во прилог со овој Правилник.*

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Кристина Крстеска активно е вклучен во стручно-апликативната работа на менаџментот на човечки ресурси. Врши стручна консултација на менаџментот и на вработените во големо претпријатие НЕКСТСЕНС кое се занимава со развој на напредни софтверски решенија во земјата и во странство.

Кандидатот д-р Кристина Крстеска остварил експертски активности во Некстсенс, програми за евалуација, стручна ревизија, супервизија, процена на капитал, систематизација и методологија поврзани со менаџментот на човечките ресурси.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на работни групи при Некстсенс:

- Работна група за Дизајн или изработка на информациски систем поврзан со менаџментот на човечките ресурси.

Бил член на 1 рецензентска комисија за избор на лица во наставно-научно звање.

Во изборниот период, д-р Кристина Крстеска учествувала во пријавување како Претставник во фонд за иновации преку проектот на Едукација Марјановиќ како претставник на бизнис заедницата - Некстсенс.

*Конкретните активности се опишани во Анекс 1, кој се доставува во прилог со овој Правилник.*

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот Кристина Крстеска, на евалвацијата од претходните годни после изборот за доцент година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на БАС.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Даниела Карадаков и д-р Кристина Крстеска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот Комисијата заклучи дека д-р Даниела Карадаков поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на БАС Институтот за менаџмент Битола ги исполнува сите услови да биде избрана во наставно - научното звање Доцент – Научен соработник во наставно - научната област (дисциплина) Управување (менаџмент) со човечки ресурси.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Кристина Крстеска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на БАС Институтот за менаџмент Битола ги исполнува сите услови да биде избрана во наставно - научното звање Вонреден професор – Виш научен соработник во наставно - научната област (дисциплина) Управување (менаџмент) со човечки ресурси.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на БАС Институтот за менаџмент д-р Даниела Карадаков да биде избрана во наставно – научно звање Доцент – Научен соработник за наставно - научната област (дисциплина) Управување (менаџмент) со човечки ресурси, а д-р Кристина Крстеска да биде избрана во наставно – научно звање Вонреден професор – Виш научен соработник за наставно - научната област (дисциплина) Управување (менаџмент) со човечки ресурси.

Битола, 11 септември, 2017

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Д-р Цветко Смилевски, редовен професор;**

2. **Д-р Бедри Адеми, вонреден професор;**

3. **Д-р Добри Петровски, редовен професор;**